## Б-2 Гаранции во транзитна постапка

***Б-2-1 Општи одредби*** **...... 3**

Б-2-1-1 Видови гаранции, општо **...... 3**

Б-2-1-2 Изземање од обврска за поднесување гаранција **4**

***Б-2-2 Поединечна гаранција*** **...... 4**

Б-2-2-1 Износ на гаранцијата **...... 4**

Б-2-2-2 Готовински депозит **...... 5**

Б-2-2-3 Поединечна банкарска гаранција **...... 5**

Б-2-2-4 Ваучери **...... 6**

Б-2-2-5 Укинување и откажување на банкарските гаранции **...... 7**

***Б-2-3 Општа гаранција*** **...... 7**

Б-2-3-1 Основни услови за издавање одобрение **...... 7**

Б-2-3-2 Износ на гаранцијата **...... 7**

Б-2-3-3 Барање за издавање одобрение / Одобрување **...... 9**

Б-2-3-4 Потврда за општа гаранција ТЦ-31 **...... 10**

Б-2-3-5 Лица овластени за потпишување на транзитната декларација (рубика 50 во ЕЦД за транзит) **...... 11**

Б-2-3-6 Обврски на главниот обврзник **...... 11**

Б-2-3-7 Водење на евиденции **12**

Б-2-3-8 Укинување и откажување на банкарските гаранции **13**

***ПРИЛОЗИ:***

***ПРИЛОГ А - Уплата за готовински депозит 14***

***ПРИЛОГ Б - Барање за употреба на општа гаранција при спроведување на транзитни постапки 15***

***ПРИЛОЗИ УСЦЗ:***

***ПРИЛОГ 28 - Стока со поголем ризик од измама 21***

***ПРИЛОГ 29 - Одредби кои се однесуваат на образците кои се користат во транзитна постапка 22***

***ПРИЛОГ 30 - Поединична гаранција 24***

***ПРИЛОГ 31 - Поединечна гаранција во облик на ваучери 26***

***ПРИЛОГ 32 - Ваучер на поединечна гаранција 28***

***ПРИЛОГ 37 - Критериуми за намалување / изземање на гаранција 30***

***ПРИЛОГ 38 - Општа гаранција 31***

***ПРИЛОГ 39 - ТЦ 31 Потврда за општа гаранција 33***

***ПРИЛОГ 40 - ТЦ 33 Потврда за изземање на гаранција 35***

***ПРИЛОГ 41 - Објаснување во врска со потврдите ТЦ 31 и ТЦ33 37***

## *Б-2 Гаранции во транзитна постапка*

Со ставањето на стоката во транзитна постапка странската стока не подлежи на плаќање на увозни давачки и други давачки. Затоа, со цел да се обезбеди плаќање на евентуалниот царинскиот долг, како и други давачки и даноци кои можат да настанат во врска со стоката ставена во транзитна постапка по правило е потребно да се поднесе гаранција.

Обврската за поднесување на гаранцијата е на носителот на транзитната постапка - главниот обврзник.

Предмет на ова упатство се гаранциите во транзитната постапка пропишана со Царинскиот закон. Обезбедувањето на плаќањето на царинскиот долг во случај на другите видови на транзитни постапки (со ТИР карнет, АТА карнет, итн.) се предмет на други посебни упатства од соодветната област.

*Правна основа* Царински закон: член 107, 204 - 215.
Уредба за спроведување на Царинскиот закон: член 224, 226-229, 256-261.

## *Б-2-1 Општи одредби*

### Б-2-1-1 Видови гаранции, општо

*ЦЗ член 107 (2)* Гаранцијата за обезбедување плаќање во транзитна постапка може да се поднесе во облик на:

- Поединечна гаранција и тоа како:
  - Готовински депозит;
  - Поединечна банкарска гаранција;
  - Ваучери на износ од 7.000 ЕВРА во денарска противвредност; или
- Општа банкарска гаранција;

Поединечната гаранција покрива само поединечна транзитна операција. Општата гаранција покрива повеќе транзитни операции. Употребата на општа гаранција претставува поедноставување во однос на стандардните транзитни прописи и затоа за користењето на општа гаранција е потребно одобрение кое го издава Централната управа на Царинската Управа.

*ЦЗ член 210(2)*
*ЦЗ член 211*
Банката гарант која ја издава гаранцијата мора да биде регистрирана во Република Македонија и одбрена од Централната Управа на

Царинската управа на Република Македонија. Царинската управа може да одбие да ја прифати предложената гаранција кога таа не обезбедува правилно спроведување на царинската постапка.

Гаранцијата која е прифатена од царинскиот орган важи на целото царинско подрачје на Република Македонија.

### Б-2-1-2 Изземање од обврска за поднесување гаранција

*ЦЗ член 108*

Гаранција не се поднесува во следните случаи:

- Превоз по воздушен пат,
- Пренос по цевовод или електрични водови;
- Превоз по железница;
- Кога лицето кое може да направи долг е државен орган; *(ЦЗ член 204 (4))*
- Кога износот кој треба да се обезбеди не надминува 150 ЕВРА во денарска противвредност; (ова изземање се применува само во исклучоци кога главниот обврзник не става стока во транзитна постапка повеќекратно) *(ЦЗ член 204 (5))*
- Кога тоа е одбрено од Централната Управа на Царинската управа бидејќи главниот обврзник докажал дека ги исполнува пропишаните стандарди на доверливост и финансиска стабилност и другите пропишани услови. (ТЦ 33 - Потврда ) *(ЦЗ член 107(4); УСЦЗ член 257 (3))*

*ЦЗ член 205*

Царинскиот орган може да бара поднесување на гаранција и во случаите кога тоа не е задолжително под услов да има оправдани причини за сомневање за да смета дека царинскиот долг кој може да настане нема да биде наплатен.

## *Б-2-2 Поединечна гаранција*

### Б-2-2-1 Износ на гаранцијата

*УСЦЗ член 226(1)*

Поединечната гаранција, мора да го покрие целокупниот износ на царинскиот долг кој може да настане, како и износот на другите давачки и даноци. При пресметката на евентуалниот царински долг се земаат предвид највисоките увозни давачки кои се применуваат за стока од ист вид.

*ЦЗ член 207 (1)*

Во случаите кога износот не може со точност да се утврди, тој се определува по проценка на појдовниот царински орган на максимален износ кој по правило за една транспортна операција со едно транспотно средство се претпоставува дека е 7.000 ЕВРА во денарска противвредност, освен доколку други податоци кои му се на располагање на царинскиот орган не доведат до друг износ.

Во случај на стока со поголем ризик од измами од Прилог 28 на УСЦЗ износот кој треба да се земе предвид не може да биде помал од минималниот износ даден во петата колона на овој Прилог.

## Б-2-2-2 Готовински депозит

Готовинскиот депозит се дава со уплатување на средства на депозитната сметка на Царинската управа. Начинот на пополнување на образецот ПП-50 со кој се врши уплатата е даден во Прилог А на ова упатство.

*ЦЗ член 226(2)*

Доказот за извршената уплата за готовински депозит се поднесува кај појдовниот царински орган. Одделението за наплата и буџет ги известува сите царински испостави за пристигнатите уплати на готовинскиот депозит. Појдовниот царински орган го задржува доказот за извршена уплата за готовински депозит. По раздолжувањето на транзитната постапка појдовниот царински орган го враќа доказот за извршената уплата за готовински депозит.

Вратениот доказ за уплатен готовински депозит главниот обврзник може да го користи последователно повеќе пати.

Главниот обврзник неможе да го употребува готовинскиот депозит од денот кога поднел барање за враќање на уплатените средства. Барањето за враќање на уплатените средства се поднесува до Одделението за наплата и буџет, заедно со образецот ПП-50 и изјава од главниот обврзник дека сите претходно започнати транзити со предметниот готовински депозит се раздолжени. Во овој случај доказот за уплатен готовински депозит се задржува и се поништува од Одделението за наплата и буџет.

## Б-2-2-3 Поединечна банкарска гаранција

*ЦЗ член 227*

Поединечна банкарска гаранција се дава во форма на образец даден во прилог 30 на УСЦЗ. Поединечната гарација се поднесува до гарантниот царински орган: Централната управа на Царинската Управа - Одделението за наплата и буџет кој потврдува со забелешка на истиот документ дека банкарската гаранција е прифатена. Гарантниот царински орган задржува копија од документот.

Главниот обрзник го поднесува оригиналот на прифатената поединечна банкарска гаранција кај појдовниот царински орган, каде што истиот се задржува. Појдовниот царински орган е одговорен да процени дали износот на поединечната гаранција е доволен за покривање на царинскиот долг кој може да настане, како и износот на другите давачки и даноци за предметната транзитна операција.

По раздолжувањето на транзитната постапка појдовниот царински орган го враќа оригиналот на прифатената поединечна банкарска гаранција на главниот обврзник.

Вратената поединечна банкарска гаранција главниот обврзник може да ја користи последователно повеќе пати.

## Б-2-2-4 Ваучери

*ЦЗ член 226(3), 228*

Кога се употребува поединечна банкарска гаранција која се дава во форма на образец даден во прилог 31 на УСЦЗ, банката може да издаде ваучери на износ од 7.000 ЕВРА во денарска противвредност.

Поединечната гарација се поднесува до гарантниот царински орган: Централната управа на Царинската Управа - Одделението за наплата и буџет кој потврдува со забелешка на истиот документ дека банкарската гаранција е прифатена.

По прифаќањето на банкарската гаранција од страна на гарантниот царински орган, банката гарант може да издаде ваучери на образецот ТЦ-32 даден во Прилог 32 од УСЦЗ. Доколку тоа го смета за оправдано гарантниот царински орган може да определи колкав е максималниот број на ваучери кој банката гарант смее да ги издаде.

Главниот обрзник ги поднесува ваучерите на образецот ТЦ-32 кај појдовниот царински орган. Се поднесува толкав број на ваучери колку што е потребно да се покрие износот на царинскиот долг кој може да настане, како и износот на другите давачки и даноци за предметната транзитна операција. Појдовниот царински орган е одговорен да процени дали бројот на поднесени ваучери го покриваат бараниот износ.

При прифаќањето на поднесените ваучери треба има во предвид на рокот за прифаќање, кој не смее да биде подолг од една година и дали се работи за ваучер кој дијагонално е означен со "Ограничено важење" и кој не смее да се употребува за стока со поголем ризик од измами од Прилог 28 на УСЦЗ.

По раздолжувањето на транзитната постапка појдовниот царински орган истото го подврдува на задната страна од ваучерот. Така потврдениот ваучер се враќа на главниот обврзник.

Вратениот ваучер не може се користи последователно, туку врз основа на него главниот обврзник може да бара од банката гарант да му биде издаден нов.

### Б-2-2-5 Укинување и откажување на банкарските гаранции

*ЦЗ член 229*

Гарантниот царински орган ја укинува одлуката за прифаќање на банкарската гаранција доколку условите пропишани во моментот на издавање повеќе на се исполнуваат.

Банката гарант може да ја откаже својата обврска по поднесената банкарска гаранција во секое време. Во тој случај на 16-ден од денот на кој гарантниот царински орган бил известен, поединечната гаранција, односно ваучерите повеќе нема да може да се употребуваат за ставање на стока во транзитна постапка.

## *Б-2-3 Општа гараниција*

### Б-2-3-1 Основни услови за издавање одобрение

*ЦЗ член 107(3)*

Одобрение за користење на општа гараниција им се дава само на лица кои ги исполнуваат основните услови  и условите кои обезбедуваат правилно спроведување на постапката и тоа:

- се регистрирани во Република Македонија,
- редовно користат транзитни постапки или кои им се познати на царинскиот орган како субјекти кои имаат можност да ги исполнат своите обврски во поглед на овие постапки,
- немаат извршено тешки или повеќекратни прекршувања на царинските или даночните прописи,

*УСЦЗ член 250*

- царинскиот орган да е во можност да врши надзор над постапката и да извршува контроли без административни оптоварувања непропорционални со барањата на странката, и
- странката да води евиденција која му овозможува на царинскиот орган да извршува ефикасни контроли.

### Б-2-3-2 Износ на гаранцијата

*УСЦЗ член 256*

Висината на износот на општата гаранција мора да биде еднаква со износот одреден од гарантниот царински орган (во понатамошниот текст - референтен износ). Референтниот износ на гараницијата е износ, еднаков на висината царинскиот долг за стоките, како и износот на друг долг кој може да настане врз основа на други давачки и даноци за сета стока која главниот обврзик ќе ја стави во транзитни постапки во текот на една недела.

Овој износ го утврдува гарантниот царински орган врз основа на податоците од странката (претходно превезувана стока, планиран обем итн) и други расположиви податоци. При утврдување на референтниот износ се земаат предвид највисоките давачи и другите давачки кои може да се применат. Гарантниот царински орган го преиспитува одредениот износ еднаш годишно според податоците добиени од странката и од појдовните царински органи.

Општата гаранција, мора да го покрие целокупниот износ на царинскиот долг кој може да настане, како и износот на другите давачки и даноци, за стоката ставена во сите транзитни постапки за кои таа се употребува.

*ЦЗ член 257, 258*

На барање на странката, а во зависност од дополнителните услови и тоа:
а) добра / стабилна финансиска состојба;
б) доволно искуство со транзитни постапки;
в) соработка со царинските органи;
г) водење на транспортни операции;
д) доволно финансиски средства за исполнување на обврските;

гарантниот царински орган може да одлучи:

- износот кој се покрива со општата гаранција да се намали за да изнесува:
    - 50% од одредениот износ;
    - 30% од одредениот износ.
- да се одобри изземање на гаранција.

Во случај на стока со поголем ризик од измами од Прилог 28 на УСЦЗ дополнителни услови се посебно уредени. Во овој случај изземање на гаранција не се применува.

**Намалување %** **Услови:**

| | ***Стока без поголем ризик од измама*** | ***Стока со поголем ризик од измама*** |
|---|---|---|
| Референтен износ еднаков на висината на гаранцијата | Исполнување на основните услови | а) и б) и в) или г) |
| 50 | а) и б) | а) и б) и в) и г) |
| 30 | а) и б) и в) | а) и б) и в) и г) и д) |
| Изземање на гаранција | а) и б) и в) и г) и д) | Изземање не е можно |

## Б-2-3-3 Барање за издавање одобрение / Одобрување

*УСЦЗ член 251*

Барањето за одобрување за употреба на општа гаранција при спроведување на транзитни постапки се поднесува на формулар даден во прилог Б на ова Упатство. Барањето се поднесува до Централната управа на Царинската управа преку Царинарницата која е надлежна за надзор врз основа на местото на водење на евиденцијата на подносителот на барањето (во понатамошниот текст надлежна царинарница).

Барањето мора да ги содржи сите факти, коишто на царинските органи ќе им овозможат проверка, дали се исполнети условите врз основа на кои може да се одобри употреба на ова поедноставување. Тоа траба да содржи датум и да биде потпишано.

Царинскиот орган може да побара дополнителни податоци од подносителот на барањето доколку дадените податоци се непотполни или несоодветни.

Подносителот на барањето, којшто сака да користи општа гаранција и за стоки со поголем ризик од измами од Прилог 28 од УСЦЗ, го означува тоа во рубриката 8 од барањето.

Надлежната царинарница:

*УСЦЗ член 251* - проверува дали барањето содржи датум и дали е потпишано,

*УСЦЗ член 250* - проверува дали се исполнети основните услови,

*УСЦЗ член 257 и 258* - проверува дали се исполенти дел од дополнителните услови за намалување на референтниот износ и употреба на општа гаранција за стока со поголем ризик од измама, со посебно внимание на соработката со царинските органи,

- дава мислење за предложениот референтниот износ,
- прегледува, дали водената евиденција е соодветна и го прегледува и потврдува начинот на следење на референтниот износ.
- дава мислење за намалувањето на референтниот износ.

*УСЦЗ член 256(2)*

По проверката на барањето од надлежната Царинарница барањета со мислење се проследува до гарантниот царински орган: Централната управа на Царинската Управа - Одделението за наплата и буџет. Гарантниот царински орган го проверува барањето и ја утврдува висината на износот  на гаранцијата. При проверувањето на документите и утврдувањето на износот на гаранцијата гарантниот царински орган употребуваат дополнителни податоци (на пример: Потврда од Управата за јавни приходи дека ги има подмирено и дека редовно ги подмирува сите давачки по основ на даноци, Извештаи од

овластени ревизорски куќи, податоци од други организациони единици во Царинската управа - Одделението за прекршоци, Секторот за контрола и истраги итн) и други интерни информации за подносителот на барањето. По завршувањето на проверката гарантниот царински орган го повикува подносителот на барањето да достави општа банкарска гаранција на утврдениот износ, и му го соопштува процентот на намалување на референтниот износ.

*УСЦЗ член 259,252* По доставувањето на банкарската гаранција која ја издава банката гарант во форма на образец даден во Прилог 38 од УСЦЗ Централната управа на Царинската управа го издава одобрението. Одобрението се издава или барањето се одбива во рок од најмногу три месеци од денот на поднесување на барањето.

## Б-2-3-4 Потврда за општа гаранција ТЦ-31

*УСЦЗ член 260* При издавањето на одобрението Централната управа го издава и бараниот број на Потврди за општа гаранција ТЦ-31 дадени во прилог 39 на УСЦЗ, или Потврди за изземање на гаранција ТЦ-33 дадени во прилог 40 на УСЦЗ пополнети во согласност со објаснувањата дадени во прилог 41 на УСЦЗ. На потврдите се запишува евидентниот број на гаранцијата или бројот на потврдата за изземање (од регистарот на гаранции и потврди за изземње кој го води Одделението за наплата и буџет), коишто се запишуваат во транзитните декларации (во рубрика 52 од ЕЦД за транзит).

Потврдите за општа гаранција ТЦ-31, издадени за стока без поголем ризик од измама (стоката која не е наведена во Прилог 28 од УСЦЗ), односно стоката која е наведена во тој прилог но која е во количина помала од количината во третата колоната од прилогот, во рубриката 8 од Потврдата содржат забелешка *„ограничена важање„*. Ваквите потврди не може да се користат за спроведување на транзитна постапка за стоки со поголем ризик од измама од Прилог 28 од УСЦЗ.

Потврдите за општа гаранција ТЦ-31 главниот обврзник мора да ги поднесе со транзитната декларација кај појдовниот царински орган (односно кај надзорниот орган кај овластените испраќачи). По проверката на потврдата, таа му се враќа на подносителот, освен ако тој не ја депонира кај појдовниот царински орган. Потврдата претставува доказ со кој се обезбедува дека гаранцијата е важечка и овозможува увид во тоа, кој може да ја користи гаранцијата (потписниците на задната страна на потврдата). Ако главниот обврзник ги поднесува декларациите редовно кај еден појдовен царински орган, Потврдата за општа гаранција ТЦ-31 може да се депонира таму.

Секоја Потврдата за општа гаранција ТЦ-31 важи најмногу две години. На барање на главниот обврзник може да се продолжи за следните две години. Таа во никој случај не може да важи повеќе од четири години од датумот на издавањето. По тој рок треба да се издадат нови потврди, ако гаранцијата е се уште важечка. (Во случај на издавање на дополнителни потврди за општа гаранција или во случај на промена на референтниот износ, односно износот на гаранцијата или гарантот, треба да се измени одобрението).

Главниот обврзник може да се обврзе дека сите транзитни декларации ќе ги поднесува кај определен појдовен царински орган. Во таков случај називот на тој царински орган се запишува со големи печатни букви во рубриката 8 од Потврдата за општа гаранција ТЦ-31, односно во рубриката 7 од Потврдата за изземање на гаранција ТЦ-33.

Ако важноста на потврдата е продолжена, гарантниот царински орган запишува забелешка во рубрика 9 од Потврдата за општа гаранција ТЦ-31, односно во рубриката 7 од Потврда за изземање на гаранција ТЦ-33.

## Б-2-3-5 Лица овластени за потпишување на транзитната декларација (рубика 50 во ЕЦД за транзит)

При издавањето на Потврдата за општа гаранција ТЦ-31 или кога и да е во времето на нејзинта важност главниот обврзник на последната страница ги запишува имињата на лицата коишто ги овластува за потпишување на транзитните декларации. Секој запис содржи име и презиме на овластеното лице и примерок на потпис, а покрај секој од нив мора да има и потпис на главниот обврзник. Главниот обврзник може да ги прецрта полињата што нема да ги употреби.

Главниот обврзник може таквото овластување да го отповика кога и да е. Лицето, чие име е запишано на задната страна на таквата потврда, којашто се доставува до појдовниот царински орган, е овластен застапник на главниот обврзник.

Царинските органи секогаш мора да ги проверат потписниците на транзитната декларација (во рубрика 50 на ЕЦД за транзит) и потписот на овластеното лице на главниот обврзник на задната страна на потврдата.

## Б-2-3-6 Обврски на главниот обврзник

Главниот обврзник може да ја користи општата гаранција или изземањето на гараницијата до референтниот износ, наведен во одобрението.

Главниот обврзник има обврска да го следи износот на вкупниот долг кој може да настане за стоката во сите транзитни операции за кои постапката не е завршена со цел истиот да не го надмине износот на гаранцијата. Во случај кога определениот износ на гаранцијата е помал од износот кој е потребен за покривање на транзитните операции главниот обврзник веднаш го известува гарантниот царински орган.

При пресметката на евентуалниот царински долг, другите давачки и даноците се земаат предвид прописите со кои се регулирани овие давачки и даноци. Кога потребните податоци за пресметка не се достапни се претпоставува дека станува збор за износ од 7.000 ЕВРА во денарска противвредност за секоја транзитна операција, освен доколку други расположиви информации не доведат до друг износ.

Во одобрението се наведени условите за употреба на општата гаранција, односно изземањето на гаранција и се определуваат методите на делување и контрола.

При издавањето на одобрението надлежната Царинарница, заедно со главниот обврзник, го определува начинот на следење на референтниот износ според методот, којшто за него ќе биде најфикасен; тоа значи дека во секој момент ќе може да определи колку референтен износ се уште има „слободен„. Надзорот може да е рачен, а може да се води и во компјутерска форма, но мора да ги опфати сите почетни транзитни операции, и на различни локации. Кога стоката е пуштена во транзитна постапка, референтниот износ мора да го намали за висината на евентуалните давачки, а кога постапката е завршена тој износ може да го ослободи. Главниот обврзник може да предвиди дека постапката е завршена, кога стоките ќе биде ставена на увид на соодветната царинска испостава. Ако дојде до пречекорување на рефрентниот износ заради зголемен промет кај главниот обврзник гарантниот царински орган го прилагодува референтниот износ и издава измена на одобрението.

Еднаш годишно (до крајот на јануари) главниот обврзник го известува известува гарантниот царински орган и надлежната Царинарница за сите транзитни постапки, коишто ги спровел во минатата година, со податоци: за појдовниот царински орган, одредишниот царински орган, опис на стоките, маса и вредност на стоките, како и евентуални давачки.

## Б-2-3-7 Водење на евиденции

Имателите на одобренија водат евиденции за сите транзитни декларации, во кои евентуалниот царински долг и друг долг бил

обезбеден со поднесената гаранција. Евиденциите ги содржат следниве податоци: појдовен царински орган, одредишен царински орган, датум на декларација, број на декларација, вид на стоки, бруто маса, вредност на стоката во денари, висина на евентуални давачки.

Евиденцијата треба да се води централно за да може секогаш да се утврди колку од референтниот износ е искористено.

## Б-2-3-8 Укинување и откажување на банкарските гаранции

*ЦЗ член 261, 229* Гарантниот царински орган ја укинува одлуката за прифаќање на банкарската гаранција доколку условите пропишани во моментот на издавање повеќе на се исполнуваат.

Банката гарант може да ја откаже својата обврска по поднесената банкарска гаранција во секое време.

Претходно издадените потврди не може да се употребат за ставање на стоката во транзитна постапка од денот на стапување во сила на:

- укинувањето на одобрението за употреба на општа гаранција или изземање на гаранција кое го врши царинскиот орган,
- укинувањето на прифаќањето на преземената обврската од страна на гарантот кое го врши гарантниот царински орган, или
- поништувањето на преземената обврска од страна на гарантот.

Ваквите потврди главниот обврзник ги враќа кај гарантниот царински орган без одлагање.

Гарантиниот царински орган ги известува сите царински испостави за сите поништени потврди. Ваквите поништени потврди не смее да се примаат кај појдовните царински органи.

**Упатството започнува да се применува од 01.01.2006 година.**

# ПРИЛОГ А

## Уплата за готовински депозит


НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДДММГГГГ

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

952-ГГГГ - XXXX- HHHHHHHH

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

Поединецен депозит за транзит

ЕЦД број HHHHH во ЦИ XXXX

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ

Царинска Управа на РМ

Депозитна сметка

БАНКА НА ПРИМАЧОТ

Народна банка на РМ

СМЕТКА

100000000063095

ИЗНОС

МКД

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

0900300175 696 26

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

725939 20

НАЧИН

1

ДАТУМ НА УПЛАТА

ДДММГГГГ

МЕСТО НА УПЛАТА

**ПРИЛОГ Б**

Подносител на барање ___________________________________________________

**БАРАЊЕ**
**ЗА УПОТРЕБА НА ОПШТА ГАРАНЦИЈА**
**ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНИ ПОСТАПКИ**

Врз основа на член 249 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија бр.66/05) барам од Централната управа на Царинската управа, да ми издаде одобрение за употреба на општа гаранција.

**1. Податоци за подносителот на барањето**

| | |
|---|---|
| 1. | Назив на фирмата |
| 2. | Седиште |
| 3. | Даночен број |
| 4. | Правен застапник |
| 5. | Број на вработени |
| 6. | Контакт лице/функција/телефонски број |
| 7. | Адреса и место каде ќе се наоѓа и ќе се води евиденцијата |

**2. Вид на стока** *(да се означи соодветната рубрика)*

| | |
|---|---|
| 8. | ❑ Стока без поголем ризик од измама<br>*Забелешка: заедно со обезбедувањето на стоката без поголем ризик од измама се обезбедува и стока со поголем ризик од измама доколку количината на таквата стока од прилог 28 од УСЦЗ не ја надминува количината од третата колона на овој прилог за поединечна пратка. Во овој случај во Потврдата за општа гаранцција ТЦ 31 во рубриката 8 (забелешки) се наведуваат зборовите "Ограничена важност"*<br>❑ Стока со поголем ризик од измама(Прилог 28 од УСЦЗ)<br>*Забелешка: доколку подносителот на барањето сака да употребува општа гаранција за двата вида на стока (за стоката со и без поголем ризик од измама) при определувањето на висинат на износот на обезбедувањето сета стока се смета по критериумтите за ризична стока.* |

## А. ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ УСЛОВИ

**3. Податоци за исполнување на основните услови**

| | |
|---|---|
| 9. | Во транзитните постопки учествувате како:<br>а) главен обврзник<br>б) увозник<br>в) извозник<br>г) овластен испраќач<br>д) овластен примач<br>ѓ) шпедитер/застапник<br>е) друго |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Податоци за банката гарант:<br>Назив:<br>Контакт лице:<br>Телефон: | |
| 11. | Наведете, на кој начин ќе го следите референтниот износ на гаранцијата: | |
| 12. | Податоци за бројот/обемот на извршени транзитни постапки во изминатите 2 години:<br><br>Просек во текот на една недела: | |
| 13. | Со поднесувањето на ова барање изјавувам дека финансиското работење на нашето друштво е стабилно. | |
| 14. | Со поднесувањето на ова барање изјавувам дека немаме извршено тешки и повеќекратни повреди на царинските и даночните прописи (прекршоци или кривични дела:криумчарење и даночно затајување во изминатите 2 години.<br>*(Во случај да имало било какви повреди на прописите наведете го видот на повредата и датумот)* | |
| 15. | *Пополнува надлежната Царинарница*<br><br>Евиденцијата која се води е соодветна (приложен е примерок од евиденцијата)<br><br>Постои соодветно можност за надзор над постапката | ДА НЕ<br><br>ДА НЕ<br><br>Датум преверка на условите:<br><br>Потпис<br><br>Печат на царинскиот орган |

**4. Податоци за претпоставениот обем на планирани транзитни операции, кој е наменет за пресметка на референтниот износ [1] и/или висината на гаранцијата**

Стока без поголем ризик од измама (вклучувајќи ја стоката со поголем ризик од измама кога нејзината количина на ја надминува количината од третата колона на прилог 28 од УСЦЗ)

*Забелешка: Податоците за стоката може да се наведат во посебен прилог и да се приложат кон барањето.*

[1] Референтниот износ е еднаков на висината на евентуалниот царински долг, како и износот на друг долг за стоката која главниот обврзник ја ставил во постапка во периодот на една недела.

| Вид на стока (трговско име) | неделен број на транспортни операции | Маса по превоз во кг | Вредност по превоз во ЕУР | Предложен референтен износ |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Стока со поголем ризик од измама (стока, наведена во прилоги 28 од УСЦЗ).

*Забелешка: Податоците за стоката може да се наведат во посебен прилог и да се приложат кон барањето.*

| Вид на стока (трговско име) | неделен број на транспортни операции | Маса по превоз во кг | Вредност по превоз во ЕУР | Предложен референтен износ |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**Б. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОВЕРКА НА МОЖНОСТА ЗА УПОТРЕБА НА ОПШТА ГАРАНЦИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА СТОКА СО ПОГОЛЕМ РИЗИК ОД ИЗМАМА И ЗА НАМАЛЕН ИЗНОС, КАКО И ИЗЗЕМАЊЕ НА ГАРАНЦИЈА**

При исполнување на следните критериуми износот на гаранцијата може да се намали на износот наведен во првата колона (изразен во % од референтниот износ). (При одлучувањето надзорниот царински орган дава мислење за прифаќањето на референтниот износ кој се утврдува од гарантниот царински орган.).

Н а м а л у в а њ е % У с л о в и :

| | ***Стока без поголем ризик од измама*** | ***Стока со поголем ризик од измама*** |
|---|---|---|
| Референтен износ еднаков на висината на гаранцијата | Исполнување на основните услови | а) и б) и в) или г) |
| 50 | а) и б) | а) и б) и в) и г) |
| 30 | а) и б) и в) | а) и б) и в) и г) и д) |
| Изземање на гаранција | а) и б) и в) и г) и д) | Изземање не е можно |

**а) Податоци за финансиската состојба**

| | | |
|---|---|---|
| Дали финансиската состојба на друштвото е стабилна? | ДА | НЕ |
| Дали обврските кон царинските и даночните органи се исполнуваат навремено? | ДА | НЕ |
| Дали кај вас или кај вашиот застапник има настанат царински долг кој не е подмирен? | ДА | НЕ |

| | |
|---|---|
| *Пополнува гарантниот царински орган*<br><br>Подносителот на барањето ги има подмирено сите настанати царински долгови и други финансиски обврски кај царинските органи.<br><br>Подносителот на барањето ги има подмирено сите даночни обврски кај Управата за јавни приходи.<br><br>Подносителот на барањето во изминатите две години ги исполнувал своите обврски во законските рокови.<br><br>Подносителот на барањето е доверлив и финансиски стабилен.<br><br>*Приложени дописи и други извештаи:* | <br><br>ДА НЕ<br><br><br>ДА НЕ<br><br><br>ДА НЕ<br><br><br>ДА НЕ<br><br>Датум на проврека на условите:<br><br>Потпис<br><br>Печат на царинскиот орган |

**б) Искуство со извршување на транзитна постапка**

| | |
|---|---|
| Дали извршувате транзитна постапка редовно и правилно како главен обврзник?<br>ако одговорот е ДА, колку години?....................................................... | ДА НЕ |
| Колку транзитни декларации сте поднеле во изминатата години?<br>број на декларации: .................................................................................. | |
| Дали имало незавршени транзитни постапки во изминатата година?<br>број:.................................................................................................... | ДА НЕ |
| Дали во изминатата година сте добиле решенија за плаќање на царински давачки кои произлегуваат од транзитни постапки?<br>ако е ДА, колку ........................................................................................ | ДА НЕ |

**в) Соработка со царинските органи**

| | |
|---|---|
| Дали ќе ја ограничите употребата на потврдата за општа гаранција ТЦ-31 на определен/и појдовни царински органи?<br>ако одговорот е ДА, на кои? ....................................................................<br>*(Во овој случај во рубиката 8 на Потврдата за општа гаранција ТЦ-31 се наведува забелешка дека важи само за определени појдовни царински органи.)* | ДА НЕ |

| | |
|---|---|
| За стоката во транзит дали поднесувате и декларации за останати царински постапки?<br>ако одговорот е ДА, какви постапки и каде? ............................................ | ДА НЕ |
| Дали спроведувати и други поедноставувања во однос на царинските декларации?<br>ако одговорот е ДА, наведете кои и броевите на одобренија.................. | ДА НЕ |
| Во царинската декларација дали впишувате и дополнителни податоци иако тоа не е задолжително (тарифни ознаки / вредност на стоката)? | ДА НЕ |
| *Пополнува надлежната Царинарница (мислење)* | |

